РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4644/6
15.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 15.11.2024 година, во врска со Предлогот бр.03-4664/1 од 14.11.2024 година за поведување прекршочна постапка против операторот Тотал ТВ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-4475/1 од 30.10.2024 на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, на ден 29.10.2024 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Grand“, „CNN“, „Brazzers“, „Reality Kings“ и „Red Light“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**